

Аеро Клуб "Мирко Тодоровски" од Битола оваа година се поднови со нов авион од типот Цесна 172. Авионот е купен од САД и оваа година за прв пат ги доби и македонските национални ознаки Z3-DAE.

Авионот Цесна е прв авион од ваков тип во владение на битолскиот аеро клуб и е одлична можност за младите битолчани да се обучат за моторни пилоти на авион, а исто така и за туристички излети до врвот на Пелистер и секако една брза прошетка и разглед на градот Охрид и Охридското езеро. Овој аеро клуб покрај новиот авион поседува и авион од типот Утва-75, Утва-66, а од едрилици Бланик Л23, Вук-Т и ДГ-100.


Z3-DAE
proudly hosted on
photobucket